**2011013288**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на член 11 став (1) алинеи 1, 2, 3 и 6 и член 61 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија” бр.140/2008), министерот за економија донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЕДИНЕЧНО ОДОБРУВАЊЕ НА ВОЗИЛО**

Член 1

Во Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија” бр. 16/2010, 62/2010 и 105/2010), во членот 6 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„ (4) Техничките барања за половните возила од категорија М1, произведени во Соединетите Американски Држави, кои треба да ги исполнуваат во постапката за единечно одобрување, се дадени во Прилог XIX кој е составен дел од овој правилник.

**Прилог XIX**

Листа на технички барања кои треба да ги исполнуваат половните возила од категорија $M_1$

| Доказ за исполнетост на стандард за емисија на издувни гасови | Година кога стапува во сила |
|---|---|
| **Агенција за заштита на животната средина (EPA)** | **Согласно американскиот стандард TIER 2 од 1999 година** |

Член 2

Во членот 7 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Органот за одобрување прифаќа секој систем, компонента од одделна самостојна техничка единица со доказ од соодветна надлежна институција од Соединетите Американски Држави.“

Ставот (4) станува став (5).

Член 3

Во членот 8 во ставот (3) по алинеја 3, се додава нова алинеја 4 која гласи:

„- за возилата од член 6 став (4) на овој правилник се доставува и доказ за исполнување на стандардот за емисија на издувни гасови издаден од Агенцијата за заштита на животната средина (EPA) од Соединетите Американски Држави.”

Член 4

Одредбите на членовите 1, 2 и 3 од овој правилник ќе се преминуваат до влезот на Република Македонија во Европската унија.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 25-751/4
1 февруари 2011 година
Скопје

Министер,
**Фатмир Бесими,** с.р.